# ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ЕНЕРГЕТИКА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.215 од 07.12.2015 година**

## Член 1

Во Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија” број 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15 и 192/15) во членот 62 по ставот (8) се додава нов став (9), кој гласи:
„(9) Јавниот партнер шест месеци пред истекот на тековниот договор за воспоставување на јавно приватно партнерство започнува постапка за доделување на нов договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за дистрибуција на природен гас.‟

## Член 2

Во членот 63 по ставот (7) се додава нов став (8), кој гласи:
„(8) Јавниот партнер шест месеци пред истекот на тековниот договор за воспоставување на јавно приватно партнерство започнува постапка за доделување на нов договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за дистрибуција на топлинска енергија.‟

## Член 3

Во членот 114-а по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:
„(6) Јавниот партнер шест месеци пред истекот на тековниот договор за воспоставување на јавно приватно партнерство започнува постапка за доделување на нов договор за воспоставување на јавно приватно партнерство за управување, користење, одржување и проширување/надградување на постоечки систем за дистрибуција на топлинска енергија.‟

## Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.